Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *ликовно образование* за II одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој.

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗАУЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

## II ОДДЕЛЕНИЕ

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје, мај 2009

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да запознава нови зборови и термини кои се користат во наставата по ликовно образование;
- да применува разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, градење и визуелни комуникации во ликовното изразување;
- да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помош на ликовниот јазик и творештво;
- да се оспособува да направи избор на идеја, активност и средства и да состави ликовна творба;
- да умее да искажува различни емоции преку ликовно изразување;
- да развива културно-хигиенотехнички и работни навики;
- да развива потреба за чување и облагородување на својата околина;
- да умее вербално да ја објасни ликовната творба;
- да се запознава со културното наследство од различни етнички заедници;
- да се запознава со компјутерската техника за цртање линии и разни форми.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЦРТАЊЕ (ориентационо 20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ја развива фината моторика на прстите;<br>- да ја развива визиомоторната координација;<br>- да развие осет за просторна ориентација во рамките на листот, односно подлогата за работа;<br>- да се поттикнува преку цртежот да искажува мисли, расположение;<br>- да стекнува навики за правилно држење на телото при цртање;<br>- да ги препознава и именува подлогите и цртачките материјали;<br>- да се охрабрува и мотивира да ги користи средствата и цртачкиот материјал;<br>- да развива чувство за линијата низ спонтано ликовно творење;<br>- да воочува и разликува форми, линии и големини во природата;<br>- да помни и применува контурна линија;<br>- да го опишува со свои зборови цртежот (како го доживува);<br>- да црта мотив од народното творештво (вез, шара и сл.). | -Основни ликовни средства за цртање и нивната употреба<br><br>-Ликовни елементи во цртањето<br><br>-Цртање | - Сенчење<br>- Детаљ | - При прошетки ја набљудува и запознава непосредната околина и ги забележува нејзините ликовни карактеристики (контури, линии, форми, големини и др.).<br>- Забележува детали и ги претставува во просторот (пред-зад, горе-долу, лево-десно).<br>- Црта линии со различна дебелина, правец, интензитет и прецизност и ги применува во ликовна целина.<br>- Црта со различни моливи (ХБ, Б1 до Б12), набљудува и заклучува со каков интензитет, прецизност и квалитет е линијата, зависно од моливот што се користи.<br>- Истражува со различни материјали по различни ликовни подлоги (песок, снег, стара хартија и сл.).<br>- Црта по набљудување, помнење и фантазија.<br>- Црта контурна линија.<br>- Учествува во цртање на групен цртеж.<br>- Црта шара од народен вез.<br>- Црта по свој избор. |

| СЛИКАЊЕ (ориентационо 28 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да развива способност за серијација и класификација на боите;<br>- да развива осетливост за присуство на бојата на предмети во природата и уметничките дела;<br>- да ракува правилно со разни сликарски материјали (хартија, ткаенина, четка);<br>- да ги применува сликарските техники;<br>- да ги знае основните бои и истите да ги примени за добивање на секундарните бои;<br>- да изразува контраст (светло-темно);<br>- да ги развива и негува хигиено-техничките и работните навики. | -Основни средства за сликање и нивната употреба<br>- Сликање<br>- Колаж | - Секундарни бои<br>- Контраст<br>- Светло-темно<br>- Колаж<br>- Тапет хартија<br>- Ткаенини<br>- Разни семиња (пченка, ориз, грав)<br>- Волница<br>- Гранулат во боја | - Низ прошетки го набљудува, воо- чува и забележува богатството на боите го природата.<br>- Го подготвува просторот каде ќе слика (со стара хартија, мушама и др.), врши избор на четки, по користењето на priborот самостојно го мие и го враќа на место.<br>- Сликање со прст по влажна обоена мека површина.<br>- Слободно движење со прстите и рацете по мазна површина и спонтано креирање на облици.<br>- Бои со различни четки и ги открива нивните својства.<br>- На подлоги од хартија (различни по форма, формат, големина, боја, дебелина) слика со бои.<br>- Споредува траги што сликарските бои ги оставаат на разновидни подлоги.<br>- Директно слика со четки и бои и со пастел без претходно да го црта мотивот со молив.<br>- Слика на темна подлога со светли бои и тонови (применува контраст).<br>- Истражува и самостојно заклучува како се добиваат секундарните бои (портокалова, виолетова, зелена). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - Вежби за ракување со ножици и користење лепак.<br>- Изработува разни облици и фигури од хартија (кошнички, цветови и сл.).<br>- Изработува композиција со колаж по сопствена замисла.<br>- Слободно ги користи ликовните материјали, игра, експериментира и комбинира по сопствена фантазија.<br>- Изработува украсни слики од разни семиња.<br>- Изработува слики по шема од волница.<br>- Изработува слики од гранулат во боја по определена шема.<br>- Воочува во непосредната околина контраст на светло и темно.<br>- Слика по доживеано.<br>- Го воочува значењето на боите и индивидуално креативно ги применува во комбинација со форми, текстури и др..<br>- Изработува дезен за предмет што се користи во секојдневието.<br>- Посетува ликовна изложба во училиштето и во други ликовни институции. |

| ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ, МОДЕЛИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се оспособува за моделирање;<br>- да ја набљудува и истражува околината и да ги забележува ликовните карактеристики на формите;<br>- да ги открие карактеристиките на материјалите преку визуелни, тактилни и други сетила;<br>- да моделира тридимензионални форми (едноставна и сложена форма);<br>- да стекнува елементарно искуство за карактеристиките на одделни предмети: едноставен-сложен, аглест-валчест, полн-празен, голем-мал;<br>- да се оспособува за правилно користење на средствата и помагалата за моделирање и градење;<br>- да се оспособува за тридимензионално ликовно изразување од разновиден материјал;<br>- да види скулптура. | - Основни средства за моделирање<br>- Моделирање<br>- Основни средства за обликување<br>- Обликување | - Моделирање<br>- Фигура<br>- Празно-полно<br>- Вдлабнато-испакнато<br>- Отворено-затворено<br>- Издупчено<br>- Маска<br>- Внатрешен и надворешен простор<br>- Каширање<br>- Макета<br>- Скулптура | - Моделира со глина, глиномол, песок, пластелин, тесто едноставни форми од природата.<br>- Моделира едноставни форми (топка, коцка, плодови, чинија и др.).<br>- Обликува сложени форми (собраќајни средства и др.).<br>- Истражува со ликовните материјали со постапки на додавање, одземање, втиснување, длабење и сл.<br>- Моделира разни форми со различна големина и волумен (мајка со дете, сообраќајни средства, кокошка и пилиња и др.).<br>- Моделира со глина геометриски форми и ги компонира во ликовна целина.<br>- Експериментира со облици и фигури добиени од влажен песок и разни калапи.<br>- Обликува и конструира разни макети со разновиден материјал (училиште, мојот дом, селски двор, мојата населба, сообраќај и сл.) и изразува надворешен простор).<br>- Комбинира и составува со разни предмети и изразува внатрешен простор (мојата училница, мојата соба).<br>- Изработува разни форми со каширање. |

| ПЕЧАТЕЊЕ (ориентационо 6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да избира предмети со кои ќе печати;<br>- да печати самостојно и да учествува во изработка на печатите;<br>- да печати со природни материјали и да заклучи дека може да се повтори истата форма (ритам);<br>- самостојно да исцртува и сече елементи за картон печатот;<br>- да изработи самостојно монотипија. | - Основни материјали за печатење<br><br>- Печатење | - Печатење<br>- Печат (шаблон)<br>- Отпечаток<br>- Форма,<br>- Картон печат,<br>- Шара (декорација). | - Избира предмети и природни материјали: листови од растенија, плодови (компир, школки , бои, подлоги) и печати со нив.<br>- Изработува шаблон за картон печат и се запознава со процесот на печатење.<br>- Истражува со печатење при што со повторување на истиот отпечаток со користење на ритам добива шара (декорација).<br>- Самостојно изработува монотипија.<br>- Креативно ја доработува монотипијата со боење. |

| ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ И ДИЗАЈН (ориентационо 8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да воочува ликовни вредности (украси, шари , бои) на предметите од секојдневната употреба;<br>- да открива дека предметите во неговото окружување имаат употреблива и практична функција и естетски се обликувани;<br>- да дизајнира предмети за секојдневна употреба; | -Дизајн<br><br>- Визуелни комуникации | - Декорирање<br>- Дезен (шара)<br>- Украс<br>- Накит | - Декорира предмети (чаршав, салфетка, тапет, шалче).<br>- Декорира разни украсни предмети при што внесува ритам и колорит (чаши, чинии, украси).<br>- Изработува новогодишни украсни предмети од разни амбалажи.<br>- Изработува оригами.<br>- Изработува дезен (шара) за текстил (чаршав, салфетка, тапет, шалче). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се запознава со примената на компјутерот при изработка на дизајн. | | | - Декорира предмети за секојдневна употреба.<br>- Изработува украсни предмети (накит, новогодишни украси).<br>- Декорира амбалажа.<br>- Го користи компјутерот за изработка на шара. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Визуелната перцепција е дефинирана како процес кој претставува целно диференцирање на објектите во визуелното подрачје. Исто така, со помош на координираните движења на очите се воспоставува визуелната координација и се осознава редоследот на објектите и симболите во околината, како и нивната и дискриминација.

Способноста за воочување на сличностите и разликите во околината е претпоставка за симболичното диференцирање кое е неопходно во процесот на читањето и пишувањето и во образовниот процес воопшто, при што треба да се одговори и на налогот за перципирање на објектите кои се на прв план, но и оние во заднината. Диференцирањето на објектите кои имаат некое значење претпоставува визуелна концепција, внимание и константност на перцепцијата.

Составен дел на визуелното перципирање е и визуелната меморија која претставува способност за паметење на претходните визуелни искуства. Основните активности во функција на подобрување на визуелната перцепција се однесуваат на пронаоѓањето на објектите, разликувањето на боите, ориентацијата во микро и макропросторот, описот на активностите на личностите, идентификацијата на предметите, анализата на слики, цртежи и сл. Исто така, програмата може да содржи серија слики како подлога за усовршување на визуелната дискриминација на облиците и големините, како и серија симболи за увежбување на примарната симболичка диференцијација (серија броеви или букви со еден различен елемент, симболи со различна големина, боја, ротација на симболите и сл.).

Тактилната дискриминација како способност за идентификација на предметите преку допирање во образовниот процес треба да служи за разликување на квалитетот на одредени материјали, оспособување за воочување на разликите на должината, големината и тежината (преку воочување на разликите кај предметите за секојдневна употреба по тактилен пат).

Координацијата на перцептивните и фините моторички реакции се потребни при совладувањето на вештините за пишување, цртање, сликање, моделирање, имитирање на прецизните движења на телото, манипулирање со ситните предмети и изведувањето прецизни активности. Работата би требало да почне со репродуцирање едноставни облици на пишан траг преку зададен пример, а потоа да се премине на решавање конкертни задачи кои бараат фина моторна координација. Следната етапа треба да претставува прецртување посложени ликовни модели. Понатаму треба да се реализираат игри за конструирање со градежен материјал, вклопување и составување облици и слагалки.

Наставните содржини од предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, запознавање на околинаťа, музичко и физичко и здравствено образование. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.

- ***Неделен фонд на часови:*** *2* ***часа***

- ***Годишен фонд на часови:*** *72* ***часа***

***Забелешка:****Бројот на часовите во тематските целини е даден ориентационо.*

- ***Наставни средства:***
  - разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
  - дидактички средства и материјали;
  - визуелни средства (предмети од непосредна околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
  - слајдови, сликовници, списанија и сл.;
  - аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер и други средства зависно од предметот).
  - Интернет, образовни софтвери.

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективна соработка и сл. (формативно оценување).

Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

*Начини на проверување и оценување:*

- **описно оценување**:
  - опсервација на ученикот;
  - разговор како начин на изразување;
  - вербално опишување на сопствениот цртеж;
  - степен на совладување на ликовните техники;
  - индивидуални креативни способности;
  - учество и изведба на ликовна творба;
  - воочување и препознавање на  разни предмети од непосредната околина и применување во ликовното творештво;
  - презентација на ликовните ученички творби;
  - креативно изразување и творење во ликовните техники;
  - препознавање на ликовните техники и материјали;
  - активно учество во тимската работа и др.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за II одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по ликовно образование во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет – Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7 РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот *ликовно образование* за второ одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој ја донесе

------------------------------------------
Никола Тодоров,
министер за образование и наука

Скопје, --------------------------------

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10 - 2011/3
27.07 2002 год.
СКОПЈЕ